**20161503504**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 298 став (3) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/15, 226/15 и 55/16), а по предлог на испитните центри министерот за внатрешни работи донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ВОЗАЧКИОТ ИСПИТ

1. Со ова решение се утврдуваат трошоците за полагање на возачкиот испит и тоа за:

а) КАТЕГОРИЈА А и А1

- полагање на возачки испит од кандидат кој не поседува возачка дозвола од повисока категорија..........................................................................................................................3879 денари;
- повторно полагање на поединечни, посебни делови на возачки испит од кандидат кој не поседува возачка дозвола од повисока категорија .....................................1494 денари;
- полагање на возачки испит од кандидат кој поседува важечка возачка дозвола од повисока категорија ..............................................................................................2394 денари и
- повторно полагање на поединечни, посебни делови на возачки испит од кандидат кој поседува важечка возачка дозвола од повисока категорија…………………....1494 денари.

б) КАТЕГОРИЈА Б и Б+Е

- полагање на возачки испит .........................................................................5319 денари;
- повторно полагање на теоретски дел од возачки испит ................................1899 денари;
- повторно полагање на прв практичен дел од возачки испит .......................1827 денари и
- повторно полагање на втор практичен дел од возачки испит .......................1827 денари.

в) КАТЕГОРИЈА Ц, Ц+Е, Ц 1 и Ц1+Е

- полагање на возачки испит……………………………………….................5094 денари;
- повторно полагање на теоретски дел од возачки испит ...............................2169 денари;
- повторно полагање на прв практичен дел од возачки испит ...................2079 денари и
- повторно полагање на втор практичен дел од возачки испит ......................2079 денари.

г) КАТЕГОРИЈА Д, Д+Е, Д1 и Д1+Е

- полагање на возачки испит……………………………………….................5094 денари;
- повторно полагање на теоретски дел од возачки испит ...............................2169 денари;
- повторно полагање на прв практичен дел од возачки испит .......................2079 денари и
- повторно полагање на втор практичен дел од возачки испит ...................2079 денари.

д) КАТЕГОРИЈА М, Г и Ф

- полагање на возачки испит……………………………………...............1764 денари и
- повторно полагање на поединечни, посебни делови на возачки испит........1764 денари.

2. Со денот на влегување во сила на ова решение престанува да важи Решението за висината на трошоците за полагање на возачкиот испит „Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/11.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 13.1-43037/1
12 јули 2016 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Митко Чавков,** с.р.